УДК 325.252 (497.7)

**Петар СОЛАКОВСКИ**[1]

# Иселувањето од Битолскиот крај

Битола и неговата околина биле познати како емиграциони жаришта на печалбарството во Република Македонија. Печалбарството во Битолскиот крај продолжува да егзистира и по Втората светска војна, во услови на социјалистички развиток на Република Македонија во рамките на ФНРЈ, односно СФРЈ.

Во првите повоени години поради затворањето на нашите граници, одењето во странство најчесто било со илегално минување на границата. Во услови на порибеларен режим за излегување од земјата и започнувањето на економската реформа во СФРЈ дојде до пораст на бројот на лицата на привремена работа во странство.

Во 60-те и 70-те години на XX век ќе се случи она што никогаш дотогаш не се случило во печалбарската традиција на Македонците, ќе почнат големите преселби, ќе се празнат селата во повеќе региони на Републиката, ќе се менува демограФскара карта на Македонија[2]. И битолскиот крај ќе ја доживее својата најголема иселеничка драма во 60-те и 70-те години, кога ќе почнат да се празнат битолските села, да се иселуваат многу семејства [3].

Главен мотив за иселувањето е економскиот фактор. Но, покрај економскиот присутни се и неекономски фактори – демогравски, политички, социјални.

1. ***Д-р по историски науки и д-р по социолошки науки.***
2. Во врска со тоа, еве што ќе рече Анте Поповски (истакнат општественик) во 70-те години, на 36 седмица на ЦК на СКМ: „Не Македонците, туку Македонија се иселува“..
3. Тешката економска положба, целосна сиромаштија која царувала во селските семејства, гладот кој уште повеќе се зголемил, создал една ситуација да има случаи и на целосно иселување и на цели села. Во почетокот се иселуваат само поединци и тоа помлади мажи, а потоа ги повлекувале и останатите членови од семејството. (М-р Петар Солаковски, Миграционите движења во Битолско по Втората светска војна, Битолски весник, август – септември, 1995.).

Иселувањето од битолскиот крај најмногу било од селското население, а како резултат од процесот на деаграризација и развојот на неземјоделските дејности. Селското население не е задоволно од нискиот стандард од постоечките услови на живеење во селото. Во селото бавно се решаваат комуналните и битовите потреби, слабата комуникација, водоснабдувањето, електрификацијата, училиштата, здравствената заштита, снабдувањето со прехранбени и индустриски стоки.

Ниските цени на земјоделските производи, ниската доходовност, необезбеденото здравствено и пензиско осигурување, како и други причини[4] влијаеа населението да ги напушта своите огништа и да бара работа во странство.

Во периодот 1955-1963 година со миграцијата беа зафатени селата распоредени од десната страна непосредно до патот Битола - с. Драгош (Велушина, Лажец, Жабјани, Породин, Олевени, Барешани, Канино, Бистрица, Ореово, Крстоар, Буково), Како и селата во Гаватско – Цапарската долина и околу неа.Карактеристично за овој период е тоа што многу ретко мигрирале дури и поединци од полските села.

По 1963 година, миграцијата ги зафати и селата од битолското поле, а и од целиот битолски крај кои во минатото беа цврсто поврзани за земјата[5].

Мошне значајно е да се истакне факторот дека иселувањето се одвива стихијно, препуштени едноставно на влијанието на социо–економскиот развој, без да се има предвид демогравската компонента и нејзините одлгорочни импликации врз развојните процеси.

Според офисијалните податоци добиени од пасошната служба во Битола (тука не се регистрирани лица што на различни начини ги минале границите на нашата замја и останале во странство) во периодот 1955-1963 година од Битолско со цел да останат подолго имаше 2.925 лица[6].

После 60-те години бројот на иселениците од битолско рапигно расте, што може да се види од следнава табла.

4. Покрај колективизацијата (1949-1953 година) и задолжителниот откуп преку кој се одземаше вишокот на земјоделските производи, а посебно мерките на „ликвидирање на козата“ делуваа речиси разорно врз битолското село, посебно во ритско – планинските и пасните краеви.

5. Се поставува прашањето, како можеше да се случи селата од битолското поле од срцето на Пелагонија (Могила, Логоварди, Новаци, Добромири, Долно Српци, Средно Егри, Оптичари, Поешево, Дорушево, Радобор...) за многу краток пориод да бидат масивно зафатени со иселувањето. Во атарите на овие битолски села има најквалитетна земја, а исто така се и во непостредна близина на градот. А, тоа е секако поради несоодветниот третман на селото, т.е. од погрешната политика натогашната власт спрема селото.

6. Д-р Трајче Грујоски, Битола, 1971, стр. 154.

| година | иселени лица |
|---|---|
| 1964 | 1.175 |
| 1965 | 1.447 |
| 1966 | 1.230 |
| 1967 | 1.560 |
| 1968 | 1.933 |
| 1969 | 2.821 |
| 1970 | 3.882 |
| 1971 | 2.274[7] |

Така во 1964 година до 1971 година од Битолско се иселиле вкупно 19.247 лица. Според пописот од 1971 година од лицата кои се наоѓаат во странство од Македонија, скоро 1-4 се од битолскиот крај, или во проценти 24,6%. Тој е најголемо емиграционо жариште во државата[8].

Со склучување на меѓународни спогодби од 1964-1970 година за вработување во странство – во повеќе европски држави од Битолската и Демирхисарската општина организирано биле испратени на работа 3.315 лица[9]. Така брзиот воз од Битола за Љубљана, со директни класи за Рим, Минхен и Париз, бил наречен „воз на плачот".

Во периодот, пад од 1971-1981 година само преку Заводот за вработување во Битола се иселиле во странство околу 6.000 лица, што значи 600 лица годишно. Така, според пописот на населението од 1981 година на привремена работа во странство надвор од општината Битола има 31.580 лица или 22,94% од вкупното население. Од градот (Битола) учеството е 27,89%, а од селата 72,11%[10].

Од битолските села најголем број иселени лица во странство има од селата: Цапари од 1871 лице, 1.197 се наоѓаат во странство, Велушина од 1.250, 1.000 се во странство, Буково од 2.300-1.062, во Беранци од 1.264-694, Лажец од 968-550, Ниже Поле од 637-314, во Горно Српци од 547-350, Долно Српци од 1.433-986, Могила (најголемо битолско село, во срцето на Пелагонија) од 2510-990, Бач од 522-248, Драгош од 429-355, Граешница од 525-284, Жабени од 634-238, Кукуречани

7. М-р Петар Солаковски, Мигарционите движења во Битолско по Втората светска војна, Битолски весник, (август – септември), Битола, 1995.
8. На истото место.
9. Најголем број заминале во СР Германија 2 505 лица или 75,5%, потоа во Франција 294 лица или 8,8%, во Шведска 6,97% и во другите: Данска, Австрија, Холандија, Велика Британија, Чехословачка (М-р Николче Димитров, Битола, 1999, стр.125).
10. Во оваа бројка од градот (Битола) учествуваат 8 806 лица или 11,221% од вкупното градско население во странство, а од селата 22 774 лица или 38,51% од селското население. (Статистички преглед 126, Скопје, 1981 година и Попис '94, Соопштение 1, Скопје, 1994 година).

1.868-705, Брод од 723-368, Ѓавато од 523-285, Градешница од 687-334, Крстоар од 479-250, Сович од 120-84, Секирани од 395-241 лица во странство[11] итн.

*Вкупниот број на граѓани на Република Македонија во странство*

| | 1981 | | 1994 | | Индекси |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | % од вкупното население | Вкупно | % од вкупното население | 1994/1981 |
| Република Македонија | 100922 | 5.3 | 152953 | 7.4 | 151.6 |
| Берово | 610 | 3.0 | 933 | 4.5 | 153.0 |
| Битола | 31580 | 22.9 | 31434 | 22.9 | 99.5 |
| Брод | 514 | 4.2 | 519 | 4.6 | 101.0 |
| Валандово | 122 | 1.1 | 445 | 3.6 | 364.8 |
| Виница | 747 | 4.0 | 982 | 5.0 | 131.5 |
| Гевгелија | 326 | 1.0 | 716 | 2.0 | 219.6 |
| Гостивар | 4917 | 4.9 | 11732 | 10.0 | 238.6 |
| Дебар | 934 | 4.2 | 726 | 2.7 | 77.7 |
| Делчево | 325 | 1.4 | 790 | 3.1 | 243.1 |
| Демир Хисар | 2186 | 15.1 | 2199 | 17.6 | 100.6 |
| Кавадарци | 419 | 1.1 | 998 | 2.3 | 238.2 |
| Кичево | 4192 | 8.2 | 5359 | 9.4 | 127.8 |
| Кочани | 1200 | 2.5 | 1711 | 3.4 | 142.3 |
| Кратово | 229 | 1.8 | 426 | 3.8 | 186.0 |
| Крива Паланка | 461 | 1.7 | 616 | 2.4 | 133.6 |
| Крушево | 743 | 5.6 | 926 | 7.2 | 124.6 |
| Куманово | 4379 | 3.5 | 6405 | 4.8 | 146.3 |
| Неготино | 203 | 1.0 | 261 | 1.1 | 128.6 |
| Охрид | 6102 | 9.5 | 11542 | 16.0 | 189.2 |
| Прилеп | 4870 | 4.9 | 7484 | 7.4 | 153.7 |
| Пробиштип | 58 | 0.4 | 165 | 1.0 | 284.5 |
| Радовиш | 303 | 1.1 | 1482 | 4.7 | 489.1 |
| Ресен | 7622 | 30.1 | 4790 | 21.5 | 62.8 |
| Свети Николе | 220 | 1.0 | 395 | 1.8 | 179.5 |
| Скопје | 8729 | 1.7 | 19426 | 3.5 | 222.5 |

11. РЗС – Статистички преглед бр.131, Скопје, 1983.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Струга | 3987 | 7.1 | 8916 | 13.0 | 223.6 |
| Струмица | 2181 | 2.5 | 7260 | 7.5 | 332.9 |
| Тетово | 10976 | 6.8 | 20276 | 10.6 | 184.7 |
| Тито Велес | 1178 | 1.8 | 2693 | 4.0 | 228.6 |
| Штип | 607 | 1.3 | 1346 | 2.6 | 221.7[12] |

Општината Битола во вкупната бројка на населението од државата во странство учествува со најголем процент и тоа од 31,3% (за 1981 година) и 22,2% (за 1991 година). Исто така, најголемо е и учеството на вработените во странство и тоа 27,2% (за 1981 година) и 20,9% (за1991 година).

Матицата на иселениците (Агенција за иселеништво) на РМ проценува дека во странство живеат 500.000 Македонци. Најголем број мигранти има во Австралија со 34,3%; САД со 9,8%; Канада – 3,8% (од прекуокеанските земји), а од европските земји најмногу ги има во СР Германија со 28,6%; Швајцарија со 6,2% и Шведска со 4,8% (од европските земји).

Во 1981 година најголем број проценти од иселениците од битолскиот крај биле и прекуокеанските земји со 85,4% од кои во Австралија со 71,3%; САД – 7,2% и Канада – 5,7%. Во европските земји, пак, битолските иселеници учевствуваат со 14,4%, од што најмногу ги има во Шведска – 5,9% и СР Германија – 4,9%[13].

И во годините по 1981 година се смета дека следно годишно од битолскиот крај се иселуваат од 300-500 лица. Според неофицијални податоци се смета дека во периодот 1981-1991 година битолскиот крај го напуштиле над 6.000 лица, од кои една четвртина се со високо образование.

Ако веќе македонскиот народ, поради денационализација во Грција и Бугарија се преселуваше физички во туѓи духовни региони, навистина неотповикливо, мораше да се спречи тој момент на иселување од СР Македонија.

Но, извозот на Македонците иселеници од 60-те и 70-те години беше потпомогнуван од дотгашната официјална политика надалеку позната како отворена политика и политика на коегзистенција.

12. Републички завод за статистика, Статистисчки преглед 126, Скопје, 1981 година, Попис '94, Соопштение 1, Скопје, 1994 година (наши пресметувања).
13. Од документацијата на РЗС на РМ – Скопје (наши пресметувања).

На иселувањето се одомаќини паролата „привремено вработени„ во странство, а со тоа власта како да симнувала голем товар од своите плеќи, затоа не постоеше опасност оние што се иселуваа да зачукаат на вратите на заводот за вработување.

Речиси не се случуваше некој да биде вработен во амбасадите на земјите во кои се сакаше да се патува (да се исели). Не прашуваат ниту за годините ниту за староста, ниту за квалификациите. Проблем немаше ни со образованието на бродски и авионски карти.

Големите иселувања на Македонците, кој очигледно немаа само социјални, туку и национални димензии на едно време, кое со сигурност можеме да го одредиме како судбоносно за Македонскиот народ.

Состојбите со економското иселување во странство и по еден 1991 година, во многу не се изменети. Посебен интерес за иселување има за државите Австралија и Нов Зеланд[14].

Денес илузија е да се верува дека некои од македонските иселеници ке се вратат. Според наши најнови истражувања – водени се разговори со наши иселеници од дијаспората кои престојуваат во „стариот крај„ како обично тие го нарекуваат и дојдовме до заклучок дека иселениците во прекуокеанските земји (Австралија, САД, Канада) претежно трајно се иселуваат, додека од европските земји само еден мал дел се враќа.

Според состојбите во 1981 година, лицата до 24 годишна возрат учевствуваат со 39,7%, потоа доаѓаат од 25-39 години (38,1%), со релативно помало учество се застапени од 40-49 години (12,7%), а на лицата над 50 години опаѓа (7,0%)[15].

Што се однесува за потеклото (занимањето) на мигрантите пред одењето од земјата во 1971 година повеќе од една половина (53,0%) се занимавале со земјоделство (биле земјоделци и сродни работници), а рела-

14. Според евиденцијата на службата на прегледи на лица за странство при Медицинскиот центар – Битола за петте месеци од оваа година (1994) месечно имало 20 до 50 прегледи и тоа за Австралија и Нов Зеланд – претежно млади (со средно и со високо образование) кои бараат вработување, за стапување во брак и поретко за догледување стари.

15. Најголем број на лица што се иселиле во странство се земјоделци на возраст од 20-30 години, значи младо и активно население. Посебно биле погодени некои села од најемиграционите општини (Битола, Ресен, Охрид и Струга) практично биле очистени од младите луѓе, посебно со момчињата до 30 годишна возраст. (Статистички билтен бр.679, Белград; Душан Бубевски, Некои карактеристики на привремено вработените во странство од СР Македонија, Проблеми на демографскиот развој на СРМ, МАНУ, Скопје, 1985, стр.135-165).

тивно помало е учеството на работниците во индустријата (27,0%).Во 1981 година се намалува учеството на земјоделците на 39,9%[16].

Образовната структура на мигрантите покажува тенденција кон зголемување на лицата со повисоко ниво на образование кои подоцна се вклучуваат во емиграционото движење постојат сознанија иселувањето на високо стручни и образовани кадри значително се интензивира како резултат на се поголемата невработеност.

[16]. РЗС – Прикази и студии, бр.88, Скопје, 1988.

Петар СОЛАКОВСКИ

## ИСЕЛУВАЊЕТО ОД БИТОЛСКИОТ КРАЈ

РЕЗИМЕ

Во 60-те и 70-те години од XX век, Битолскиот крај ќе ја доживее својата иселеничка драма, кога ќе почнат да се празнат битолските села.

Главен мотив за иселувањето е економскиот фактор, но присутни се и неекономски фактори – демогравски, политички и социјални. Селското население не задоволно од нискиот стандард и условите на живеење на село.

На почетокот со миграцијата беа зафатени под пелистерските села, а по 1963 година и селата од битолското поле. Треба да се истакне факторот дека иселувањето се одвива стихијно.

Според пописот на населението од 1981 година, на привремена работа во странство – надвор од општината Битола има 31.580 лица или 22,94% од вкупното население. Од градот (Битола) учеството е 27,89%, а од селата 72,11%.

Во 1981 година најголем број проценти од иселениците од битолскиот крај биле во прекуокеанските земји со 85,4% од кои во Австралија со 71,3%, САД со 7,2% и Канада со 5,7%. Во европските земји битолските иселеници учевствуваат со 14,4%, од кои што најмногу ги има во Шведска со 5,9 и СР Германија со 4,9%.

* *Авѿороѿ не досѿави резиме на анȣлиски јазик*